Предлог заклучоци

**11-та седница на Меѓуресорската комисија за извршување на одлуките на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП)**
**9 ноември 2015 година**

**6. Митриновски против Република Македонија (А.бр. 6899/12) од 30 април 2015**

1. Се препорачува на Судскиот совет на Република Македонија да постапи по предлогот за повторување на постапката за разрешување поднесен од страна на жалителот и притоа да ги има предвид ставовите на Судот изразени во параграф 59 од пресудата, како и да ја повтори постапката во делот кој се однесува на констатираната повреда од членот 6 од Конвенцијата (отсуство на непристрасност при одлучувањето).

2. Се препорачува на Министерството за правда да ја разгледа можноста за изготвување на предлог измени и дополнувања на Законот за судски совет во насока на вметнување на соодветни одредби за повторување на постапката по одлука на Европскиот суд за човекови права и за тоа повратно да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП во рок од во рок од 15 дена.

**7. Илиевска против Република Македонија (А.бр. 20136/11) од 7 мај 2015.**

1. Се препорачува Основниот суд Крива Паланка во рок од 15 дена преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП дали жалителката поднела предлог за повторување на постапката по донесената пресуда на ЕСЧП и доколку е тоа така, се препорачува Основниот суд Крива Паланка при постапувањето по предлогот, односно во повторената постапка да ги има во предвид принципите и праксата на ЕСЧП и становиштата на Судот изразени во оваа пресуда.

2. Се препорачува Министерството за внатрешни работи да организира и спроведе обуки за полициските службеници во врска со забраната на мачење, нечовечко и понижувачко постапување и казнување, со цел превенирање на идни слични повреди на Конвенцијата, како и за тоа повратно да ја информира

Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП во рок од во рок од 15 дена

8. **Ефтимов против Република Македонија (А.бр. 59974/08) од 2 јули 2015**

1. Се препорачува Основниот суд Струмица Скопје во рок од 15 дена преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП дали жалителот поднел предлог за повторување на постапката по донесената пресуда на ЕСЧП и доколку е тоа, му се препорачува на Основниот суд Струмица при постапувањето по предлогот, односно во повторената постапка да ги има во предвид принципите и праксата на ЕСЧП и становиштата на Судот изразени во оваа пресуда.

2. Се препорачува на Бирото за застапување на РМ пред Европскиот суд за човекови права да изготви компаративна анализа за повторувањето на домашните постапки по донесена одлука од страна на Европскиот суд за човекови права во други држави и да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП.

9. **Андоновски против Република Македонија (А.бр. 24312/10) од 23 јули 2015**

1. Се препорачува Основниот суд Куманово во рок од 15 дена преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП дали жалителот поднел предлог за повторување на постапката по донесената пресуда на ЕСЧП и доколку е тоа така, се препорачува истиот при постапувањето по предлогот, односно во повторената постапка да ги има во предвид принципите и праксата на ЕСЧП и становиштата на Судот во оваа пресуда.

2. Се препорачува Основното јавното обвинителство Куманово да ја разгледа можноста за спроведување ефективна истрага во врска со овој предмет и за тоа преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП во рок од 30 дена.

3. Се препорачува на Министерството за внатрешни работи во рок од 15 дена преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП дали планира да организира и спроведе обуки за полициските службеници во врска со забраната

на мачење, нечовечко и понижувачко постапување и казнување, со цел превенирање на идни слични повреди на Конвенцијата.

4. Се препорачува Академијата за судии и јавни обвинители во текот на 2016 година да организира задолжителни обуки со кои ќе бидат опфатени сите обвинители на територијата на РМ за постапување во идни слични случаи кои се однесуваат на наводна полициска бруталност или несоодветно полициско постапување спротивно на член 3 од Конвенцијата (забрана на мачење) и истите да ги вклучи во Годишниот календар на обуки на Академијата за 2016 година, како и да ја информира Меѓуресорската Комисија за извршување на одлуките на ЕСЧП за тоа во рок од 30 дена преку Министерство за правда - Биро за застапување на РМ пред ЕСЧП.

В.Д. Директор на Бирото за застапување на РМ пред ЕСЧП – Владин агент
м-р Костадин Богданов

Министер за правда,
d-r Adnan Jashari

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА СКОПЈЕ